Друштво за производство ... на крзно и крзнени
производи ... а.д. увоз-извоз
Бр. 0202-162/2
20.04.2016 год.
Велес

Врз основа 384 од ЗТД и член 60 и 61 од Статутот на ДИМКО МИТРЕВ АД Велес и Одлуката за свикување на Собрание на акционерите на АД Димко Митерв Велес **бр. 0202 - 162/2** донесена од Одборот на директори на седница одржана на ден **20.04.2016** година, **Одборот на директори** на друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи :

**ДИМКО МИТРЕВ А.Д. увоз - извоз Велес**
**Објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК
# ДО АКЦИОНЕРИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
**со следниот :**

## ДНЕВЕН РЕД

1. ***Избор на претседавач на собранието на акционери***

***2. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи (независен ревизорски извештај) и годишниот извештај за работа на друштвото за 2015 година; со***

- *Предлог одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи (независен ревизорски извештај) и извештајот за работа на друштвото за 2015 година;*

***3. Извештај за работата на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес за 2015 година;** со*

- *Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес за 2015 година;*

***4. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2015 година;** со*

- *Предлог-Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2015 година*

***5. Донесување на одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2016;** со*

- *Предлог - Одлука за именување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2016*

***6. Годишен извештај за работа на службата за внатрешна ревизија на АД Димко Митрев Велес за 2015 година**; со*

- *Предлог одлука за одобрување на извештајот за работа на службата за внатрешна ревизија на Димко Митрев АД Велес за 2015 година;*

*Се повикуваат акционерите на АД Димко Митрев Велес да учествуваат во работата на собранието.*

**Собранието ќе се одржи на ден 25.05.2016 година (Среда) во ресторанот за општествена исхрана - Нов погон, со почеток во 11.00 часот.**

Собранието одлучува само за прашањата што се ставени на дневен ред, согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на собранието, со доставување на **пријава за учество** до општо-правниот и финансов сектор или на тел: 043 234 180; 043 234 560; факс 043 234 207 или на e-mail : dimkoveles@t-home.com.mk.

Гласањето по точките од Дневниот ред ќе се врши на начин согласно статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој **полномошник** на Собранието со писмено полномошно, за што е должен веднаш да го извести Друштвото по писмен пат или електронски.

Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.dimkomitrev.com.mk

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна осум дена од објавата на јавниот повик (согласно чл. 390 ст.6 од ЗТД), а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото: www.dimkomitrev.com.mk.

Материјалите за Собранието и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во просториите на Друштвото на ул. Димко Најдов 94 Велес во сметководствено - финансов сектор и на официјалната интернет страница на друштвото www.dimkomitrev.com.mk

**За ДИМКО МИТРЕВ АД Велес**
**Претседател на Одборот**
**на директори**
**Љубомир Богоевски**

Прилози објавени на официјалната интернет страница на Друштвото:

*-Вкупен број на акции и вкупен број на гласачки права;*
*- Пријава за учество;*
*- Прашања од Акционерите во врска со Дневниот ред;*
*- Вклучување на нови точки и одлуки во Дневниот ред и предлагање на нови одлуки;*
*- Гласање преку полномошник;*
*- Полномошно за физички и правни лица*